Врз основа на член 71 став 4, член 74 став 2 и член 77 став 6 од Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15, 23/16 и 190/17), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА АКОНТАЦИИТЕ НА ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ПРЕСМЕТКА ЗА ПРИХОД И ДАНОК

**“Службен весник на Р.М.“ бр. 197/2017**
**важи од 01.01.2018 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок на обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување врз основа на Законот за персоналниот данок на доход (во понатамошниот текст: Законот), обврзникот-нерезидент и исплатувачот од членот 76 од Законот.

## Член 2

Обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување со персонален данок на доход врз основа на Законот, пресметката на аконтацијата на персоналниот данок на доход ја врши за секој остварен приход со поднесување на електронска пресметка.

## Член 3

Обврзникот-нерезидент, пресметката на аконтацијата на персоналниот данок на доход ја врши за секој остварен приход за кој не е предвидено плаќање на аконтацијата на персоналниот данок на доход по одбивка, со поднесување на електронска пресметка.

## Член 4

Исплатувачот од членот 76 од Законот, пресметката на аконтација на персоналниот данок на доход ја врши пред исплатата на приходите на кои аконтацијата на персоналниот данок на доход се плаќа по одбивка и за секое физичко лице на кое врши исплата на приход, преку поднесување на електронска пресметка за бруто приходот, одбитоците, пресметаната аконтација на персонален данок на доход по одбивка и нето приходот.

По исклучок од ставот 1 на овој член, исплатувачот на добивки од посебните игри на среќа, пресметката на аконтација на персоналниот данок на доход ја врши по извршената исплата на приходот, за секое физичко лице на кое е извршена исплата на добивка од посебни игри на среќа во претходниот ден.

По исклучок од ставот 1 на овој член, исплатувачот на плата, надоместок на плата и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот, пресметката на аконтацијата на персоналниот данок на доход ја врши согласно Правилникот за начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување.

**Член 5**

Електронската пресметка за приход и данок „е-ППД“ која ја поднесува обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување врз основа на Законот, обврзникот-нерезидент и исплатувачот од членот 76 од Законот ги содржи следните елементи:

1. Пресметка (пријава) за персонален данок на доход,
2. Податоци за подносител (обврзник за пресметка на аконтацијата на персоналниот данок на доход),
3. Тип на пресметка и
4. Табела за обврзници.

**Член 6**

Во пресметката (пријава) за персонален данок на доход се наведуваат: тековен датум (датум на поднесување) и идентификатор на пресметката (број и фолио број). Податоците не се пополнуваат, туку се генерираат автоматски од системот. Во пресметката се внесува и периодот од датум до датум.

**Член 7**

Во податоци за подносител (обврзник за пресметка на аконтацијата на персоналниот данок на доход) се наведуваат: ЕДБ/ЕМБГ, назив и податоци за контакт.

**Член 8**

Во тип на пресметка се означува: прва пресметка, исправка на пресметка или сторно на пресметка и можност за избор на број на претходна пресметка во случај кога се врши исправка или сторно на претходна пресметка.

**Член 9**

Во табела за обврзници се наведуваат податоци за секое физичко лице кое остварува приходи, и тоа: ЕМБГ, име, презиме, општина, начин на исплата (на трансакциска сметка или друг начин), трансакциска сметка, вид на приход и подвид на приход, забелешка на исплатувачот, износ на бруто приход и датум на исплата, а автоматски се пресметуваат: даночна основа, износ на одбитоци, персонален данок на доход и износ на нето приход.

Кај податоците за вид на приход и подвид на приход се наведуваат и дополнителни податоци битни за утврдување на аконтацијата на персоналниот данок на доход, и тоа:

1. За личните примања од дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави, кај претставници и службеници на такви претставништва кои уживаат дипломатски имунитет и за кои даночниот обврзник сам го утврдува и уплатува данокот:

- месец и година за кој се однесува платата,
- ЕДБ на исплатувачот,
- назив на исплатувачот и
- датум на исплата на нето плата од исплатувачот,

2. За приходите од имот и имотни права остварени од издавање под закуп или подзакуп на физички лица:

- означување на прва пријава, замена на пријава,
- означување на правниот основ – закуп или подзакуп, податоци за договорот за закуп/подзакуп (број и датум) и времетраење на закупот/подзакупот,
- означување на:
    - приходи од имот и имотни права, освен од издавање на опремени станбени и деловни простории,
    - приходи од издавање на опремени станбени и деловни простории,
    - приходи од имот и имотни права со признавање на стварните трошоци само ако подносител е физичко лице,

- податоци за закупецот – означување со избор од домашно или странско лице, ЕМБГ/ЕДБ, име и презиме, број на пасош и датум и земја на издавање (опционално), адресни податоци,
- податоци за сопственикот на имот (во случај на подзакуп) - означување со избор од физичко или правно лице, домашно или странско лице, ЕМБГ/ЕДБ, име и презиме, број на пасош и датум и земја на издавање, адресни податоци,
- податоци за имотот/имотното право – вид на имот/имотно право, адресни податоци, површина, класа и култура за недвижен имот, марка и тип, година на производство, зафатнина и носивост за подвижен имот и
- назив, број и датум на документ за стекнување на имотното право и
- податоци за приходите – вкупен износ на остварена закупнина за еден месец, вредност за сите давања и услуги на кои се обврзал закупецот како надомест за закуп, платена закупнина на закуподавачот,

3. За капиталната добивка/загуба од продажба на хартии од вредност:

- вид на хартијата од вредност,
- назив и седиште на издавачот на хартијата од вредност,
- место на продажба,
- податоци за продажбата – датум на продажба, број на продадени хартии од вредност, единечна продажна цена, вкупна продажна цена и
- податоци за набавката – датум на набавка, единечна цена, број на набавени хартии од вредност кои се предмет на продажба, вкупна набавна цена;

4. За капиталната добивка од продажба на учество (удел) во капитал:
- правно лице од кое се продава учеството (уделот) од капитал – ЕДБ, назив, адреса на седиште,
- големина на учество (удел),
- податоци за продажба на учеството (уделот) во капиталот – број на договор, датум на продажба, продажна цена и
- податоци за набавка на учеството (уделот) / вложувањето на средствата – датум на набавка / извршено вложување, набавна цена / износ на вложување;

5. За капиталната добивка од продажба на недвижен имот:
- означување на вид на имотот – имот во кој обврзникот живеел најмалку една година пред продажбата и истиот го продава во период до три години од денот на стекнувањето или имот во кој обврзникот не живеел најмалку една година пред продажбата и истиот го продава пред истекот на пет години од денот на стекнувањето,
- адресни / катастарски податоци,

- податоци за продажба на недвижен имот – број на договор, датум на продажба, продажна цена и
- податоци за набавка на недвижниот имот – датум на набавка, набавна (куповна цена), платен данок на промет на недвижности, датум на извршено инвестиционо вложување и вредност на инвестицијата – за секое вложување и вкупна вредност на инвестицијата;

6. За приходите остварени од странство:
- земја во која е резидент исплатувачот на приходот,
- износ на примениот приходот во странска валута,
- валута во која е исплатен приходот,
- датум на исплата на приходот,
- износ на приходот во денари,
- износ на платен данок во странство во странска валута,
- валута во која е платен данокот во странство,
- датум на уплата на данокот во странство и
- износ на платен данок во странство во денари;

7. За сите видови приходи при исплата на нерезидент, односно приходи на нерезидент остварени во Република Македонија:
- земја во која е резидент примателот на приходот и
- број и датум на документ издаден од органот за јавни приходи за одобрување на даночно олеснување или ослободување согласно со Договорите за одбегнување на двојно оданочување и ослободување.

**Член 10**

Обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување врз основа на Законот, обврзникот-нерезидент и исплатувачот од членот 76 од Законот, за целите на пополнување и доставување на елекронската пресметка „е-ППД“ се регистрира на системот „е-Персонален данок“ на органот за јавни приходи.
Обврзникот и исплатувачот од ставот 1 на овој член ја пополнува и доставува електронската пресметка „е-ППД“ преку електронскиот систем „е-Персонален данок“ со внесување на податоците во форма за пополнување, со вчитување на претходно подготвена xml датотека или директно преку веб сервис.

По приемот и обработката на електронската пресметка „е-ППД“, органот за јавни приходи преку електронскиот систем „е-Персонален данок“, доставува до обврзникот и исплатувачот од ставот 1 на овој член Рекапитулација за утврдување на аконтација на персоналниот данок на доход со статус на одобрување. Кон Рекапитулацијата се приложува и налог за плаќање ПП53 пропишан со Упатството за формата и содржината на платните инструментите за вршење на платниот промет во земјата.

**Член 11**

Рекапитулацијата за утврдување на аконтација на персоналниот данок на доход содржи спецификација на пресметаниот бруто износ на приходот, одбитоците, аконтацијата на персоналниот данок на доход, нето износот на остварениот приход и број на лица.

**Член 12**

Доколку податоците во електронската пресметка „е-ППД“ не се точни, органот за јавни приходи го известува обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување врз

основа на Законот, обврзникот-нерезидент и исплатувачот од членот 76 од Законот, со доставување на Рекапитулација за утврдување на аконтација на персоналниот данок на доход со статус „Одбиена" во која стојат информации и опис на грешките.

**Член 13**

Доколку податоците во електронската пресметка „е-ППД" на исплатувачот од членот 76 од Законот се точни, одобрувањето на точните податоци се врши со доделување на Фолио број на пресметката, при што се издава Рекапитулација за утврдување на аконтација на персоналниот данок на доход со статус „Одобрена" и збирен налог за едновремено плаќање на персонален данок на доход и исплата на нето приход. Истовремено, по електронски пат до носителите на платен промет се доставуваат поединечни налози за едновремено плаќање на персонален данок на доход и исплата на нето приход.

Плаќањето на персоналниот данок на доход и исплатата на нето приходот кај носителот на платниот промет се врши на образецот ПП53.

Доколку исплатувачот од ставот 1 на овој член не изврши исплата на приходот и плаќање на аконтацијата на персоналниот данок на доход во рок од 30 дена од одобрувањето на електронската пресметка „е-ППД", електронската пресметка се отфрла од страна на органот за јавни приходи, а збирните налози за едновремено плаќање на персонален данок на доход и за исплата на нето приход се поништуваат.

**Член 14**

Одобрувањето на точните податоци од електронската пресметка „е-ППД" на обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување врз основа на Законот и обврзникот-нерезидент се врши по претходна проверка на податоците за остварениот приход и други податоци битни за утврдување на аконтацијата на персоналниот данок на доход.

По одобрување на пресметката на обврзникот од ставот 1 на овој член, се доделува Фолио број и се издава Рекапитулација за утврдување на аконтација на персоналниот данок на доход со статус „Одобрена" и налог за плаќање на персонален данок на доход, односно налози за плаќање на месечни аконтации на персонален данок на доход.

Плаќањето на персоналниот данок на доход кај носителот на платниот промет се врши на образец ПП53.

Доколку органот за јавни приходи по извршена проверка на податоците за остварениот приход и други податоци битни за утврдување на аконтацијата на персоналниот данок на доход не ја одобри пресметката поднесена од обврзникот од ставот 1 на овој член, изготвува електронска пресметка за аконтацијата на персоналниот данок на доход, решение за утврдување на аконтација на персоналниот данок на доход и налог за плаќање на персонален данок на доход, односно налози за плаќање на месечни аконтации на персонален данок на доход.

**Член 15**

Исплатувачот од членот 76 од Законот, како и обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување со персонален данок на доход врз основа на Законот и обврзникот-нерезидент (со исклучок на остварените приходи од имот и имотни права, капитални добивки и приходи остварени од странство), кој во електронската пресметка по која е извршено плаќање на аконтација на персоналниот данок на доход пополнил неточни податоци за видот на приходот или одбитоците или други податоци, поднесува исправка на електронската пресметка со наведување на бројот на пресметката која ја исправа.

Во исправката на електронската пресметка исплатувачот и обврзникот од ставот 1 на овој член не може да врши исправка на износот на исплатениот нето приход.
Доколку исплатувачот и обврзникот од ставот 1 на овој член во исправката на електронската пресметка изврши промена на видот на исплатениот приход и тоа предизвика погрешно платена аконтација на персоналниот данок на доход, се издава налог за пренасочување на погрешно платениот данок.
Доколку исплатувачот и обврзникот од ставот 1 на овој член со исправка на електронската пресметка изврши промена на одбитоците кои ја намалуваат даночната основа и тоа предизвика повеќе платена аконтација на персоналниот данок на доход, износот на повеќе платен данок се прикажува во Рекапитулацијата за утврдување на аконтација на персоналниот данок на доход.
Доколку за остварените приходи од имот и имотни права, настанала промена на податоците кои влијаат на утврдувањето на месечните аконтации на персоналниот данок на доход, обврзникот од ставот 1 на овој член поднесува електронска пријава за промена. Доколку претходно пресметаните месечни аконтации на персоналниот данок на доход се платени и промената предизвика повеќе платена аконтација на персоналниот данок на доход, износот на повеќе платен данок се прикажува во Рекапитулацијата за утврдување на аконтација на персоналниот данок на доход.

**Член 16**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2018 година.

Бр. 20-7920/1
29 декември 2017 година
Скопје

Министер за финансии
д-р **Драган Тевдовски**